## *Национална црвена листа на габи на Р. Македонија, 2021*

Објавена е новата Национална црвена листа на габи на Р. Македонија, што ја сочинуваат 64 вида, изработена согласно со Насоките за примена на категории и критериуми за црвена листа од IUCN (Меѓународна унија за зачувување на природата). Во однос на статусот на загрозеност на видовите, 6 вида спаѓаат во категоријата на (CR) критично загрозени (9.3 %), 19 се (EN) загрозени (29.6 %), 34 се (VU) ранливи (53.1 %), два се (NT) близу засегнати (3.1 %), два (LC) најмалку засегнати (3.1 %) и еден вид е (DD) со недоволно податоци (1.5 %). Најголемиот дел од видовите (53) припаѓаат на одделот Basidiomycota, а 11 на одделот Ascomycota.

Тринаесет од проценетите видови габи од земјава се на глобалната Црвена листа на загрозени видови на IUCN, која што во моментов (од март 2021) брои 425 вида. Податоците за црвената листа, со карти и опширно образложение за статусот на зачувување за секој вид, се внесени во глобалната централна база на податоци на IUCN, а оттука се преземени од македонската интернет-страница за национални црвени листи, која е под покровителство на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Следниот чекор е започнување формална постапка за усвојување на службената Национална црвена листа на габи, која ќе им биде на располагање на субјектите надлежни за зачувување како и на соодветните програми за биолошка разновидност. Националната црвена листа е важна алатка за мониторирање на биолошката разновидност и идентификација на приоритетните видови при креирање на политика за заштита и зачувување на природата. Листата е од суштинско значење за зачувување на габите со оглед на клучните закани: уништување и деградираност на нивните живеалишта, уништување на симбиотските домаќини, преголема експлоатација, загадување и климатски промени. Заложбите за црвена листа се поддржани од Европската банка за обнова и развој преку проектот „Програма за јакнење на капацитетот за биодиверзитет: промовирање добри меѓународни практики во Македонија“, управуван од „Харднер и Галисон“ од САД.

Пионерскиот потфат за зачувување на габите во земјава беше Прелиминарната црвена листа на габи на Р. Македонија од 2000 год., што содржеше 67 вида. Во 2013 год. е објавен додаток кон Црвената листа на габи што го сочинуваа 213 вида, според критериумите и категориите на IUCN. Сепак, тоа беше црвена листа во нецелосна смисла бидејќи немаше придружни образложенија за статусот на зачувување на видовите. Сите црвени листи на габи до денес се изработени од тим од Македонското миколошкото друштво предводен од проф. Митко Караделев, од Природно-математичкиот факултет во Скопје.

| | | |
|---|---|---|
| *Alessioporus ichnusanus* (Alessio, Galli & Littini) Gelardi, Vizzini & Simonini | лимонест вргањ | EN – загрозен; B2ab(iii); D |
| *Amanita caesarea* (Scop.) Pers. | јајчарка, булка, царска габа | LC – најмалку засегнат |
| *Amanita curtipes* E.-J. Gilbert | кратконога пупавка | VU – ранлив, D1 |
| *Antrodia juniperina* (Murrill) Niemelä & Ryvarden | фоина антродија, фоина широкопорка | VU – ранлив, B1ab(iii,iv) +2ab(iii,iv); D1 |
| *Aspropaxillus giganteus* (Sowerby) Kühner & Maire | џиновска свивка, голема дебелоношка | NT – близу засегнат, D1 |
| *Baorangia emileorum* (Barbier) Vizzini, Simonini & Gelardi | емилеов вргањ, двобоен вргањ | VU – ранлив, B1ab(iii, iv) + 2ab(iii,iv) |
| *Battarrea phalloides* (Dicks.) Pers. | бесрамна пувка | VU – ранлив, B1ab(i,iii,iv)+2ab(i,iii,iv) |
| *Bovista paludosa* Lév | тресетишна пувка | CR – критично загрозен, C2a(i), D |
| *Butyriboletus regius* (Krombh.) D. Arora & J.L. Frank | кралски вргањ | VU – ранлив, C2a(i) |
| *Chlorophyllum agaricoides* (Czern.) Vellinga | печурковидна пувка | VU – ранлив, B1ab(iii,iv) + 2ab(iii,iv) |
| *Cudonia circinans* (Pers.) Fr. | тркалезна штитоглавка | VU – ранлив, D1 |
| *Daedaleopsis nitida* (Durieu & Mont.) Zmitr. & Malysheva | сотна дупчарка | VU – ранлив, B1ab (iii,iv) +2ab(iii,iv); D1 |
| *Dentipellis fragilis* (Pers.) Donk | кревка игличарка | VU – ранлив, D1 |
| *Disciseda bovista* (Klotzsch) Henn | песочна пувка | EN – загрозен, B1ab(iii,iv) + 2ab(iii,iv) |
| *Galerina jaapii* A.H. Sm. & Singer | јапиева шапка | EN – загрозен, B1ab(iii) + 2ab(iii) |
| *Galerina sphagnorum* (Pers.) Kühner | сфагнумска шапка | CR – критично загрозен, B1ab (i,iii,iv,v); C1 |
| *Galerina tibiicystis* (G.F. Atk.) Kühner | блатна шапка | CR – критично загрозен, B1ab(i,iii,iv,v), C1 |
| *Geastrum minimum* Schwein. | џуџеста ѕвездичка | VU – ранлив, B1ab(i, iii, iv)+ 2ab(i,iii,iv) |
| *Guepinia helvelloides* (DC.) Fr. | румена леденка | EN – загрозен, B1ab(iii) +2ab(iii); D |
| *Gyrodon lividus* (Bull.) Sacc. | евлово вргањче | EN – загрозен, C2a(i) |
| *Gyromitra gigas* (Krombh.) Cooke | џиновска смрчка | VU – ранлив, D1 |
| *Helvella atra* J. König | црно седло | VU – ранлив, B1ab(iii) + 2ab(iii); D1 |
| *Hericium coralloides* (Scop.) Pers. | кораловидна игличарка | EN – загрозен, C2a(i) |
| *Hericium erinaceus* (Bull.) Pers. | дабова ежовка, ресест игличар | EN – загрозен, C2a(i) |
| *Hortiboletus bubalinus* (Oolbekk. & Duin) L. Albert & Dima | парковски вргањ | DD – недоволно податоци |
| *Hydnellum peckii* Banker | крвава игличарка | EN – загрозен, B1ab(iii,iv) + B2ab(iii,iv) |
| *Hygrocybe cantharellus* (Schwein.) Murrill | лисичаркова влажница | VU – ранлив, C1; D1 |
| *Hygrocybe punicea* (Fr.) P. Kumm. | огнена влажница | EN – загрозен, C2a(i) |
| *Hygrophorus marzuolus* (Fr.) Bres. | мартовка | VU – ранлив, D1 |
| *Hymenochaete cruenta* (Pers.) Donk | елова црвенокорка | EN – загрозен, D |
| *Hyphoderma etruriae* Bernicchia | етрурска коричка | CR – критично загрозен, D |
| *Inocutis tamaricis* (Pat.) Fiasson & Niemelä | врежов трат, врежова потковица | NT – близу засегнат, D1 |

| | | |
|---|---|---|
| *Lactarius omphaliformis* Romagn. | блатна млечка | EN – загрозен, B1ab (iii,iv) +2ab (iii,iv) |
| *Langermannia gigantea* (Batsch) Rostk. | џиновска пувка | LC - најмалку засегнат |
| *Lenzitopsis oxycedri* Malençon & Bertault | фоина дупчарка | EN – загрозен, D |
| *Leucopaxillus compactus* (P. Karst.) Neuhoff | збиена свивка, збиена дебелоношка | VU – ранлив, D1 |
| *Microstoma protractum* (Fr.) Kanouse | расцутена чашка | EN – загрозен, B1ab (iii,iv) + 2ab(iii,iv); D |
| *Mitrula paludosa* | блатна болскавичка, блатна светилка | EN – загрозен, B1ab(iii,iv) + 2ab (iii,iv); D |
| *Mycena juniperina* Aronsen | смреково шајче | VU – ранлив, B1ab(i,iii,iv) + 2ab(i,iii,iv); D1 |
| *Mycenastrum corium* (Guers.) Desv. | кожеста ѕвездичка | VU – ранлив, D1 |
| *Myriostoma coliforme* (Dicks.) Corda | дупчеста ѕвездичка, биберниче | VU – ранлив, D1 |
| *Neolentinus cyathiformis* (Schaeff.) Della Magg. & Trassin. | купеста жилавка | VU – ранлив, D1 |
| *Perenniporia medulla-panis* (Jacq.) Donk | дабова ситнопорка | VU – ранлив, B1ab(iii,iv,v) +2ab(iii,iv,v) |
| *Phylloporus pelletieri* (Lév.) Quél. | црвено-жолта листичарка, златолисен вргањ | VU – ранлив, B1ab(i,iii,iv) + 2ab(i,iii,iv) |
| *Pilatotrama ljubarskyi* (Pilát) Zmitrovich | љубарскиев трат | VU– ранлив, D1 |
| *Plectania melastoma* (Sowerby) Fucke | рѓосана чашка | VU– ранлив, B1ab (iii) +2ab(iii); D1 |
| *Poronia punctata* (L.) Fr. | точкеста лепешкарка | EN – загрозен, D |
| *Psilocybe serbica* M.M. Moser & E. Horak | српска клобучарка | VU – ранлив, D1 |
| *Pyrofomes demidoffii* (Lév.) Kotl. & Pouzar | фоин трат | VU – ранлив, B1ab(iii,iv) +2ab(iii,iv); D1 |
| *Rubroboletus demonensis* Vasquez, Simonini, Svetash., Mikšík & Vizzini | сицилијански вргањ | VU – ранлив, D1 |
| *Rubroboletus dupainii* (Boud.) Kuan Zhao & Zhu L. Yang | светкавоцрвен вргањ | VU – ранлив, D1 |
| *Rubroboletus rhodoxanthus* (Krombh.) Kuan Zhao & Zhu L. Yang | црвено-жолт вргањ | VU – ранлив, C2a(i) |
| *Rubroboletus satanas* (Lenz) Kuan Zhao & Zhu L. Yang | ѓаволски вргањ | VU – ранлив, C2a(i) |
| *Sarcodon leucopus* (Pers.) Maas Geest. & Nannf. | белоного еже | EN – загрозен, D |
| *Sarcopeziza sicula* (Inzenga) Agnello, Loizides & P. Alvarado | месест пехар, месеста чашка | EN – загрозен, B1ab(iii); 2ab(iii); D |
| *Sarcosphaera coronaria* (Jacq.) J. Schröt. | виолетова круница | VU – ранлив, D1 |
| *Skeletocutis odora* (Sacc.) Ginns | мирислива ситнопорка | EN – загрозен, D |
| *Sparassis crispa* (Wulfen) Fr. | боров карфиол | EN – загрозен: B1ab(i,iii,iv) + 2ab(i,iii,iv) |
| *Suillus americanus* (Peck) Snell | моликово волчјо лепче, моликово вргањче | VU – ранлив, D1 |
| *Tricholoma acerbum* (Bull.) Quél. | остра витезовка, горчлива витезовка | VU – ранлив, C2a(i) |
| *Tricholoma apium* Jul. Schäff. | целерова витезовка | VU – ранлив, D1 |
| *Urnula craterium* (Schwein.) Fr. | црна урничка, вражја јама | VU – ранлив, D1 |
| *Xeromphalina junipericola* G. Moreno & Heykoop | фоина труба | CR – критично загрозен, D |
| *Zeus olympius* Minter & Diam. | муниково окце | CR – критично загрозен, D |